ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **25.01.2021 година** во 09:00 часот во Голема сала на општина Крива Паланка.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина Љубомир Младенов, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**, Раководител на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновск**а, Раководител на Одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска.**

## Дневен ред:

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на Општина Крива Паланка Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општина беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната

-Со писмен допис и решение да се информира комисијата за градежно земјиште дека Валентина Димитровска се назначува како нов член, а Стевче Христовски или Никола Граматиоков да се назначат како раководител на постапката – администратор во систем.

-Татјана Ѓоргиевска да ги спреми документите за продажба на градежно земјиште за локалитет Езерце до среда во 12 часот.

-Да се направи писмено укажување до возачите за вршење на работата професионално само за потребите на општината и користење на службените возила, без превезување на трети лица  кои не се вработени, дополнителен багаж и строга забрана за користење на телефон во текот на возењето.

-Комисијата за проценка на недвижен имот во состав Никола,  Валентина и Коста да излезат на увид  во објектот на поранешен Металски завод и да направат проценка до крајот на оваа недела.

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

- Отсутен од колегиум
- Сашко Додевски да закаже состанок со Дупница, Р.Бугарија со дефиниран датум за средба.
- На ден 26.01.2021 година во 10 часот во кабнетот на градоначалникот средба со директорите на основните училишта во врска со добиена  донација на таблети и истите ќе бидат предадени на училиштата.

**Одделение за финансиски прашања**

Од страна на Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната за поднесување на квартален извештај и подготовка на буџет за следната година.

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков  беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- По однос на поднесено барање од страна на ЕВН да добијат согласност за сервисирање на постоечката мрежа, комисијата за увид  да излезе уште денес на лице место да им се даде пресметката и да се продолжи со работа.
- Да се обезбеди геодетски елаборат за парцела Калин Камен за продажба на градежно земјиште.
- Да се интензивира со ЈП Комуналец околу доизградба на канализација Цонев Рид.
- По завршеток на активности за поплочување на улици кои се во тек, да се даде налог на ЈП Комуналец за поправка на калдрма во населба Единство од Ловечки Дом надолу.

-Да се сменат искршените светлички топки на пешачка  патека Стара Вада.

-Тони останува да менаџира со одржување на уличното осветлување се додека не се најде соодветна замена.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од страна на Раководителот на Одделение за урбанизам сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните

активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Оливер Стојановски во координација со Маја Костадиновска, Бранко Велиновски и Никола Граматиков за потребни информации во изготвување на Развојна програма за животна средина и истата да биде готова како верзија до месец март.

-По добиен допис да се свика комисија за урбанизам и истата да даде свое мислење за инфраструктурен проект за железничката пруга.

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

**Одделение за човечки ресурси**

-Отсутен од колегиум

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Биљана Тасевска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната.

-Да се спреми одлука како точка на дневен ред за наредна седница на совет за примопредавање на водовод во с.Станци.

-Информација за завршени и нови јавни набавки.

**Одделение за инспекциски надзор**

Од страна на Раководителот на испекциски надзор Бранко Велиновски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се направи план и распоред за работењето на комуналните редари за двосменско работење поради проблемите со крупен добиток на спортскиот комплекс. На неделно ниво да се поднесува извештај за превземените и согледани проблеми од нивен домен на работа со конкретни податоци за изречени опомени, прекршочни налози или друг вид на мерки.

-Да се финализира договорот за градско зеленило кој ќе го подготви ЈП Комуналец, а одделението за инспекциски надзор провери и контролира во делот на извршувањето..

**ЈП Комуналец**

Од страна на Директорот на ЈП Комуналец, Миле Марковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Капиите на Градскиот стадион да бидат затворени поради направени штети на општествен имот и ако има потреба да се постави лице за држурство.

-Да се спреми договорот за јавно зеленило и да се достави кај Бранко Велиновски

-Одговорното лице за да направи план и начин на поставување и одгледување цвеќиња и тоа да биде според опстојување на истите на нашето поднебје.

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на Директорот на ЛУ Градски музеј, Драган Величковски беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се продолжи со постапката за вработување.

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

- Седница на совет да се планира за 08.02.2021 година, материјалите да биодат доставени до 29.01.2021 година, координација на ден 01.02.2021 година. Програмите за кои нема да се спреми извештај за оваа седница да се подготват за следна седница до крајот на февруари.
- Од страна на одделенијата да се достават Извештаите по однос на Програмите за работа до крајот на месецот.
- Од страна на вработените или раководителите на одделенија кога има потреба да се става печат за правосилност претходно да се направи консултација со правна служба.

**25.01.2021 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**